ЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПЕХЧЕВО
бр 03-16/1
02. 01. 2024 год
ПЕХЧЕВО

**ОПШТИНА ПЕХЧЕВО**

Ул.Равен број 8 2326 Пехчево Република Северна Македонија
Тел/факс ++389 033 441 321
e-mail: opstina_pehcevo@t..mk www.pehcevo.gov.mk

Врз основа на член 17 од Законот за младинско учество и младински политики („Службен весник на РСМ,, бр.10/2020) , а согласно член 12-г од Статутот на општина Пехчево (Службен гласник на општина Пехчево бр.03/2021) , Градоначалникот на општина Пехчево распишува

## ЈАВЕН ПОВИК

## За Локално собрание за млади

Иницијативниот одбор за формирање Локален младински совет при Општина Пехчево распишува Јавен повик за членство во Локалното собрание на млади.

Повикот е отворен за сите младински организации, организации за млади, политички подмладоци, ученички и студентски организации и други облици на младинско здружување кои ќе ги исполнат слените критериуми:

- Да имаат активности на територијата на Општина Пехчево

- Да се основани и активни најмалку една година пред отворањето на овој повик

- Делегатот/ката да се жители на Општина Пехчево и да се на возраст од 15 до 29 години.

Пријавување: Сите заинтересирани организации кои ги исполнуваат критериуми потребно е да ги достават следните документи на email opstina_pehcevo@t.mk и да ги поднесат во архивата на Општина Пехчево, ул.Равен бр.8 со ознака Апилација за членство во Собранието на Советот на млади.

Задолжителни документи:

1. Портфолио за работа на организацијата.
2. Мотивациско писмо за учество во Локалното собрание на млади, но не повеќе од 1 страница
3. Годишен извештај за работата од претходната година со кој се потврдува дека организацијата била активна изминатата година со активности спроведени за или од млади во Општина Пехчево

4. Номинација на делегат/ка и заменик-делегат/ка со контакт детали за претставниците.

**Рок за пријавување е од 02.01.2024 до 05.01.2024.**

Апикациите ќе бидат разгледувани од страна на Иницијативниот одбор за формирање Локално собрание на млади со цел избор на Локалниот младински совет при Општина Пехчево.

Општина Пехчево

Градоначалник,

Александар Китански